Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

ДРАМСКИ АМАТЕРСКИ ФЕСТИВАЛ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0201-35
07. 10. 2020 год.
КОЧАНИ

Архивски знак: ____
Рок на чување: ____ год.
____ 20 ____ год.
Потпис,

## **З А П И С Н И К**
## **за извршен инспекциски надзор**

**Ип 1 бр. 57-45**
**Датум: 18.9.2020 година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Здружение- Драмски аматерски фестивал, Кочани |
| Седиште/адреса на субјектот | |
| Адреса за е-пошта | |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на жиро сметка на субјектот | |
| Банка депонент | Комерцијална банка АД Скопје |

Одговорно/и лице/а на субјектот:

| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| извршен директор и претседател на Здружението | | |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. ВОНРЕДЕН | 3. КОНТРОЛЕН | |
|---|---|---|---|---|
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 16.9.2020 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | | 11.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 17.9.2020 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | | 13.30 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Министерство за култура, Сектор за управен и инспекциски надзор – Објект Нова Македонија, Скопје | | | |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Дејности на други организации врз база на зачленување (шифра: 94.99) |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | бул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 50, Скопје |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на: Записникот за извршен вонреден инспекциски надзор Ип 1 број 57-45 од 31.7.2020 г., и Решението со наредба Ип 1 број 57-45 од 4.8.2020 година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: виш инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура на РСМ.

5) Предмет на контролниот инспекцискиот надзор, којшто се врши по службена должност е со цел да се утврди дали Здружението Драмски аматерски фестивал од Кочани, по истекот на рокот определен во инспекцискиот акт има постапено по Решението Ип 1 бр. 57-45 од 4.8.2020 г., донесено од инспекторот, а со кое што на Здружението, застапувано од извршен директор и претседател на Здружението, наредено му е да преземе мерки и дејствија за отстранување на недостатокот во работењето утврден со Записникот од извршен редовен инспекциски надзор Ип 1 бр. 57 – 45 од 31.7.2020 г., и тоа:

-да постапат по однос на член 68 став (3) од Законот за културата и член 5 став (1) од Договорот за учество во финасирање проект од национален интерес во културата од областа на драмската дејност за 2019 година под бр. 19-4200/1 од 8.4.2019 г., односно да достават целосен извештај за реализација на Проектот – 56-ти Драмски аматеризам во Македонија Битола 1959-Кочани 2019, со спецификација за вкупно потрошените средства, сметки, фактури, банковни изводи, конечен финасиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финасирање.

6) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
| --- | --- | --- |
| , извршен директор и , претседател на Здружението | | |

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор учествуваше и лицето овластен сметководител ангажиран од Здружението.

8) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентира целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објаснија правата и обврските на субјектот надзор.

9) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните **наоди за утврдената фактичка состојба**:

Во конкретниот случај, констатирано е дека субјектот на надзорот има постапено во рокот определен во горецитираното Решение во однос на точка 1, односно до надлежниот Сектор во министерството за култура, има доставено целосен наративен и Финансиски извештај на соодветен Образец за извештај за реализиран проект во областа на драмската дејност, со целокупната пропратна документација во прилог, а што е обврска од членот 68 став (3) од ЗК и член 5 став (1) од Договорот.

Оттука, врз основа на утврдената фактичка состојба при контролниот инспекциски надзор, се констатира дека субјектот на надзорот има постапено по инспекцискиот акт-Решение Ип 1 бр. 57-45 од 4.8.2020 година, поради што инспекторот ја запира инспекциската постапка согласно со член 83 став 5 од Законот за инспекциски надзор.

Со содржината на овој записник и со утврдената фактича состојба е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ забелешки.

10) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот: нема.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор , извршен директор и претседател на Здружението | | Печат и потпис на инспекторот за култура: виш инспектор | |
| Датум: | 07.10.2020 г. | Датум: | 18.9.2020 г. |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk